## 21 Септември
## Светата Великомаченичка Ефимија

Родум од Халкидон. Ќерка на сенаторот Филофрон и на Теодорисија, обајцата благочестиви христијани. Прекрасна девица и по тело и по душа. Кога антипатот Приск устрои празник за жртвопринесување на Ареј во Халкидон, 49 христијани се сокрија за да го избегнат. Но ги пронајдоа и ги изведоа пред Приск. Меѓу нив беше и Св. Ефимија. Кога не ги придоби за своите лажни богови, Приск ги удри на разни маки 19 дена. Дваесеттиот ден ја одвои од останатите Ефимија и почна да ѝ ласка за нејзината убавина и да ја наговара да се одрече од Христа. Откако ласкањата му пропаднаа залудно, заповеда да ја мачат. Ја мачеа прво на тркало, но ангел Божји ѝ се јави и го искрши тркалото. Ја фрлија во огнена печка, но со Божјата сила беше сочувана. Од ова двајцата војници Виктор и Состен поверуваа во Христа, заради што беа фрлени пред ѕверовите и маченички пострадаа. Потоа Ефимија ја фрлија во ров исполнет со вода и со отровни нечистотии, но таа ја прекрсти водата и остана неповредена. Најпосле ја изведоа пред ѕверови, а Светата со благодарност Му се помоли на Бога и Му го предаде својот дух. Телото чесно го погребаа нејзините родители. Пострада во 304 година. Се споменува и на 11 јули.



## 21 Септември
## Свети Јован Богослов

**Апостол и Евангелист.** Син на рибарот Заведеј и на Саломија, ќерка на праведниот Јосиф. Повикан од Господ Исус, Јован веднаш го остави татка си и мрежите рибарски и заедно со својот брат Јаков тргна по Христа. И оттогаш повеќе не се одвојуваше од својот Господ до самиот крај. Со Петар и Јаков присуствуваше при воскреснувањето на Јаировата ќерка и на Преображението на Господ на Тавор. На Тајната вечера ја положи главата на градите Исусови. Кога сите други Го оставија распнатиот Господ, Јован заедно со Богородица остана под Крстот. На заповед од Господ тој потоа ѝ беше како син на Пресветата Дева и грижливо ѝ служеше и ја чуваше сè до Нејзиното успение. По успението на Пресвета Богородица Свети Јован отиде заедно со својот ученик Прохор да го проповеда Евангелието во Мала Азија. Најмногу се бавеше и дејствуваше во Ефес. Со својата вдахновена проповед и чудотворство мнозина ги обрати во христијанството и го расколеба незнабоштвото од темел. Огорчени, незнабожците го врзаа и го пратија во Рим кај царот Дометијан. Пред царот беше мачен и биен, но бидејќи не му наштети ни најлутиот отров што му го дадоа да го испие, ни зовриеното масло во кое го фрлија, царот се исплаши и сметајќи го за бесмртен го испрати на прогонство на осторвот Патмос. На тој остров Свети Јован мнозина ги обрати во христијанството со зборови и чуда и добро ја утврди Црквата Божја. Овде го напиша своето Евангелие и Откровението. Во времето на царот Нерве, којшто им даде слобода на сите заробени, Јован повторно се упати во Ефес, каде што проживеа извесно време, утврдувајќи го овде своето порано започнато дело. Имаше над 100 години кога се престави кај Господ. Кога потоа учениците му го отворија гробот, не го најдоа неговото тело, но секоја година на 8 мај од гробот исходеше некој ситен прав, миризлив и лековит. По долгиот многутруден и многуплоден живот на земјата, овој возљубен ученик на Христос и столб на Црквата, се пресели во радоста на својот Господ, мирна и бесмртна. Амин.



датумите на празниците се предадени во стар стил

**25 септември**

**Светата Првомаченичка Текла рамнапостолна**



Родена е во Иконија, од родители прочуени, но незнабожци. Како осумнаесетгодишна девојка била верена за некое момче во она време кога апостолот Павле дојде со Варнава во Иконија за проповед на Евангелието. Слушајќи го Павле три дена и три ноќи, Текла се обрати целосно во Христовата вера и се заветува да живее во девственост. Мајка ѝ, штом виде дека таа веќе и не гледа на својот вереник ниту помислува на брак, почна најпрво да ја советува, а потоа да ја тепа и измачува со глад. Најпосле ја предаде на судијата и бараше да биде со оган изгорена. Судијата ја фрли во оган, но Бог ја зачува неповредена. Тогаш Текла тргна по Светиот апостол Павле и дојде со него во Антиохија. Привлечен од нејзината надворешна убавина еден градски старешина посака да ја земе кај себе со сила, но Текла се истргна од неговите раце. Тој старешина ја обвини кај кнезот дека е христијанка и дека се гнаси од брак. Кнезот ја осуди на смрт и ја фрли пред ѕверови, но ѕверовите не го ни допреа телото на Светата девица. Восхитен од ова, кнезот ја праша: „Која си ти и каква сила има во тебе што ништо не може да ти наштети?“ Текла му одговори: „Слугинка сум на Живиот Бог.“ Тогаш кнезот ја пушти на слобода и таа почна да го проповеда Евангелието и мнозина успеа да ги обрати во вистинската вера. Меѓу овие беше и чесната, угледна девица Трифена. Потоа Текла, со благослов на Св. апостол Павле се оддалечи во едно пусто место близу Селевкија. Овде се подвизуваше долго и исцелувајќи болни со чудотворната благодат мнозина ги обраќаше кон христијанство. Лекарите и жреците во Селевкија се исполнија со завист, па испратија некои млади луѓе за да ја осквернат, надевајќи се дека кога ќе ја изгуби девственоста, ќе ја загуби и чудотворната моќ. Текла бегаше од оние дрски момчиња и кога виде дека ќе ја фатат а се најде пред една карпа, се помоли на Бога и карпата се отвори и ја сокри оваа Света девица и Христова невеста. И таа карпа ѝ беше скривалиште и гроб. Нејзиниот подвиг остана ненадминат пример на девственост и маченииштво, за кои ѝ се восхитуваат христијаните во сите времиња.

**28 Септември**

**Преподобниот Харитон Исповедник**



Угледен и благочестив граѓанин во градот Иконија. Исповедник на Христа, според духот на неговата сограѓанка Текла. Кога почна гонењето на Аврелијан, го изведоа на суд пред хегемонот. Пред судијата јасно ја објави својата вера во Единиот жив Бог, Господ Христос. Хегемонот нареди и го биеја и мачеа телото на Харитон во толкава мера што целото му го прекрија со рани. После ненавидната смрт на Аврелијан, којашто во тоа време го постигна, Харитон беше ослободен од маките и затворот. Тогаш се упати во Ерусалим. На патот го фатија разбојници, од кои по Божја Промисла се ослободи. Не сакаше повеќе да се враќа во Иконија туку се повлече во Фаранската пустина, во која основа обител и собра многу монаси. Откако ѝ даде типик на обителта, за да ги одбегне човечките пофалби се оддалечи во друга пустина, кон Ерихон, каде повторно со време се создаде друга обител, наречена Харитонова. Најпосле основа и трета, наречена Сукиска или на грчки Стара Лавра. Се упокои и се пресели во славата на својот Господ на 28 септември 350 година во длабока старост. Моштите му почиваат во неговата прва обител. Му го припишуваат составот на чинот за монашење.

# (избор) за времето од Рождество на Пресвета Богородица до празникот на Соборот на Св. Архангел Михаил МАЛИ ЖИТИЈА

## 3 Октомври
## Св. свештеномаченик Дионисиј Ареопагит




Се вбројува во Седумдесеттемина помали апостоли. Овој прекрасен маж беше од угледно незнабожечко семејство од Атина. Откако заврши философска школа во Атина, отиде во Мисир (Египет) да учи уште. Во тоа време еден ден на Крстот издивна Господ Исус Христос и сонцето се помрачи и во Мисир беше темно три часа. Тогаш Дионисиј возвикна: „Или Бог, Создателот на светот, страда или овој свет завршува.“ Кога се врати во Атина се ожени со Дамара и со неа имаше синови. Беше член на највисокиот суд кај Грците, наречен Ареопаг, заради што и го доби називот Ареопагит. Кога апостолот Павле го проповедаше Евангелието во Атина, Дионисиј со целиот свој дом се крсти. Од Павле беше посветен за епископ Атински, бидејќи ги остави жената и децата и положбата во општеството заради љубовта Христова. Доволно долго патуваше со Павле и ги запозна останатите апостоли Христови. Отиде во Ерусалим со цел да ја види Пресвета Богородица и средбата со Неа ја опиша во едно од своите дела. Беше и на погребот на Пречистата заедно со другите апостоли. Кога неговиот учител Св. Павле пострада маченички, Дионисиј посака и за себе таква смрт. И отиде да го проповеда Евангелието меѓу варварите во Галија, заедно со презвитерот Рустик и ѓаконот Елефтериј. Многу претрпе, но и многу успеа. Со негов труд многумина незнабожци се обратија кон верата Христова. Во Париз изгради малечка црквичка во која Му служеше на Бога. Кога имаше 90 години, го фатија и го мачеа за Христа, заедно со Рустик и Елефтериј, додека најпосле не ги убија со меч сите тројца. Отсечената глава на Дионисиј отскокна на големо растојание и падна пред една христијанка Катула, којашто заедно со главата чесно го погреба и телото. Пострада во времето на Дометијан во 96 година. Напиша значајни дела: за таинственото Богословие, за небесната и црковната хиерархија, за Пресвета Богородица.

## 6 Октомври
## Светиот Апостол Тома



Еден од Дванаесетте големи апостоли. Со неговиот сомнеж во воскресението на Господ Христос се доби нова потврда за тој чудесен и спасоносен настан. Господ повторно им се јави на учениците за да го увери Тома. По слегувањето на Светиот Дух, кога апостолите ги мешаа жребките кој каде ќе оди на проповед, на Тома му падна да оди во Индија. Тој малку се нажали што мора да оди во толку далечен крај, но Господ му се јави и го охрабри. Во Индија Св. Тома многумина, големци и сиромашни, ги обрати во верата Христова и ја устрои таму Црквата и постави свештеници и епископи. Меѓу останатите обрати во верата и две жени на двајца индиски кнезови, Тертијана и Мигдонија, кои беа сестри. Намачени од своите мажи, со кои не сакаа да живеат по своето Крштение, добија отпуст на крајот и поживеаја богоугодно до смртта. Дионисиј и Пелагија беа вереници, но кога ја слушнаа апостолската проповед на Св. Тома не влегоа во соживот, а се посветија на подвиг. Пелагија заврши како маченичка за верата, а Дионисиј беше поставен од апостолот за епископ. Кнезот Муздиј, мажот на Тертијана, на кого Тома му ги крсти жената и синот, го осуди апостолот на смрт и испрати петмина војници кои го прободија со пет копја. Така си ја предаде душата во рацете на својот Господ Светиот апостол Тома. Преку неговото доцнење за успението на Пресвета Богородица Бог го посведочи пред апостолите и Нејзиното воскресение со тело, откако тие три дена поминаа покрај гробот на Пречистата.

датумите на празниците се предадени во стар стил

# избор МАЛИ ЖИТИЈА за времето од Рождество на Пресвета Богородица до празникот на Соборот на Св. Архангел Михаил

## 8 Октомври
## Преподобна Пелагија



Родена е како незнабошка во Антиохија. Покајана грешничка. Од Бога имаше голем дар на телесна убавина, што ја употребуваше за погибел на својата душа и на другите. Со блуд се имаше збогатено многу. Минувајќи еднаш покрај црквата на Светиот маченик Јулијан, во која проповедаше епископот Нон, таа намина во црквата и ја слушна проповедта за Страшниот Суд и за казната за грешниците. И овие зборови толку ја потресоа и изменија, што таа одеднаш се згнаси над себеси, се исплаши од Бога, се покаја за своите нечисти гревови и припадна пред Св. Нон со молба да ја крсти. „Смилувај се на мене, грешната, и крсти ме и научи ме на покајание; јас сум море од беззаконија, амбис на пропаста, мрежа и орудие ѓаволско.“ Така го молеше оваа покајничка со солзи Христовиот архиереј. И тој ја крсти. На Крштението ѝ беше кума блажената Романа, ѓаконисата на оваа црква, којашто потоа како духовна мајка добро ја утврди во христијанската вера. Но Пелагија не беше задоволна само со Крштението. Чувствувајќи го притисокот на своите многубројни гревови и длабока грижа на совеста, таа се реши на голем подвиг. Своето огромно богатство, собрано со грев, им го остави на сиромасите и тајно отиде во Ерусалим, каде под машко име, како монах Пелагиј, се затвори во една келија на Елеонската Гора и таму почна тежок подвиг на пост, молитва и бдеење. По три години ја посети ѓаконот на Св. Нон, Јаков, и ја затекна сè уште жива, но кога по неколку дена повторно ја посети, го најде нејзиното тело мртво и чесно го погреба. Св. Пелагија се упокои околу 461 година. Така оваа некогашна грешничка со покајание и ревност Го смилостиви Бога, доби прошка за гревовите и се освети. Нејзината очистена и света душа се удостои со Царството Божјо.

## 18 Октомври
## Светиот Апостол и Евангелист Лука



Роден е во Антиохија. Во младоста добро ја изучи грчката философија, медицина и иконопис. Во времето на делото на Господ Исус на земјата Свети Лука дојде во Ерусалим и таму Го виде Спасителот лице в лице, ја чу Неговата спасоносна наука и стана сведок на Неговите чудесни дела. Откако поверува во Господ светиот Лука беше вбројан меѓу Седумдесеттемина апостоли и пратен на проповед на Евангелието. Заедно со Клеопа Го виде воскреснат Христос на патот за Емаус (Лука 24). По слегувањето на Светиот Дух над апостолите Лука се врати во Антиохија и таму му стана сотрудник на Св. апостол Павле, со кого патуваше во Рим обраќајќи ги во Христовата вера Евреите и незнабожците. *Ве поздравува Лука, лекарот љубезен*, им пишува на колосјаните Св. апостол Павле (Кол. 4, 14). На молба на христијаните 60 година го напиша Евангелието. После маченичката смрт на Св. апостол Павле Свети Лука го проповедаше Евангелието по Италија, Далмација, Македонија и на други места. Ја иконописаше Пресвета Богородица - и тоа не една туку три икони, а исто така и иконите на Светите апостоли Петар и Павле. Со ова се смета за основач на христијанскиот иконопис. На старост го посети и Горен Египет. Од Египет се врати во Грција, каде што со голема ревност продолжи да проповеда и да ги обраќа луѓето кон Христа, иако беше многу стар. Свети Лука ги напиша Евангелието и Делата Апостолски и обете му ги посвети на Теофил, кнезот на Ахаја. Имаше 84 години кога злобните идолопоклоници го подложија на маки заради Христа и го обесија на една маслинка во градот Тива Беотиска. Во времето на Константиновиот син Констанциј неговите мошти ги пренесоа во Цариград.



# ARTGRAFIKA









**23 Октомври**
**Св. апостол Јаков, брат Господов**




Се нарекува брат Господов затоа што му беше син на праведниот Јосиф, свршеникот на Пресвета Богородица. Кога праведниот Јосиф беше на умирање, па сакаше да Му остави еден дел и на Господ Исус, синот на Пресветата Дева Марија, сите браќа се спротиставија на ова, не сметајќи Го Исус за свој брат. Јаков многу Го љубеше Исуса и изјави дека тој ќе го подели својот дел со Него. И затоа се нарекува брат Господов. Од почетокот Му беше приврзан на Господ Исус. Според преданието, тој и во Мисир одел со Пресветата Дева и со Јосиф кога Ирод бараше да Го убие новороденииот Цар. Штом ја чу Христовата наука Јаков почна да живее според неа. За него се вели дека целиот живот не јадел маст ниту зејтин, туку дека живеел само на леб и вода. И бил девственик до крајот на животот. Многу бдеел ноќе и Му се молел на Бога. Господ го вбројал во Своите Седумдесетмина помали апостоли. По воскресението на Господ Исус, Он нему му се јавил посебно, како што сведочи Св. апостол Павле (1 Кор. 15). Бил епископ во Ерусалим 30 години и ревносно управувал со Божјата Црква. По указ од Господ ја составил првата литургија. Многумина Евреи и Елини Св. Јаков ги обрати во верата Христова. И самите неверни Евреи ѝ се восхитуваа на неговата праведност и го нарекуваа Јаков Праведниот. Но кога дојде за првосвештеник Анан, тој со другите еврејски старешини намисли да го убие Јаков со оглед дека е проповедник Христов. Еднаш на празникот Пасха, кога многу народ се беше собрал во Ерусалим, му рекоа старешините да се качи на покривот од храмот и оттаму да зборува против Христа. Свети Јаков се качи и почна да му зборува на народот за Христа како за Син Божји и вистински Месија, за Неговото воскресение и за Неговата вечна слава на небесата. Разјарени свештениците и старешините го турнаа од покривот и тој падна и се повреди многу, но сѐ уште беше жив. Тогаш притрча еден човек и го удри по главата толку силно, што му го истури мозокот. Имаше 63 години кога славно пострада за Христа.

**29 Октомври**
**Св. свештеномаченик Зиновиј и сестра му Зиновија**



Од градот Егеј во Киликија. Вистинската вера и големото материјално богатство ги наследија од родителите. Ревнувајќи за верата со голема љубов своето богатство им го раздадоа на сиромасите. И затоа што имаа милостиви раце, Бог ги дарува со дар на чудотворство, така што Зиновиј исцелуваше болни од секаква болест само со допирот на раката. Го поставија за Егејски епископ. Во времето на гонењето на судијата Лисиј, овој го фати и му рече: „Ти предлагам две - живот и смрт. Живот ако им се поклониш на боговите, смрт ако не им се поклониш“. Свети Зиновиј одговори: „Животот без Христа не е живот туку смрт, а смртта заради Христа не е смрт туку живот.“ Кога го подложија на маки, пред судијата излезе Зиновиевата сестра и му рече: „Чашата на страдањата сакам да ја испијам и јас, и да се овенчам со таков венец.“ После многу маки во оган и зовриена смола, обајцата беа убиени со меч околу 285 година. Така овие брат и сестра се преселија во бесмртното Царство Христово, примајќи венци за својата безрезервна љубов кон Бога.

# избор МАЛИ ЖИТИЈА за времето од Рождество на Пресвета Богородица до празникот на Соборот на Св. Архангел Михаил

## 5 Ноември
## Св. маченици Галактион и Епистима



Родени се во феникискиот град Едеса. Мајка му на Галактион беше бездетна сè додека не се крсти. Потоа го приведе кон верата и нејзиниот маж и го крсти и го воспита како христијанин нивниот син Галактион. Кога стаса за женидба, неговата добра мајка Левкипија се упокои, а татко му го сврши за некоја девица Епистима. Галактион никако не сакаше да стапи во брак, па ја посоветува Епистима да се крсти, а потоа и истовремено со него да се замонаши. Се повлекоа на горатa Пуплион, Галактион во машки, Епистима во женски манастир. И секој од овие двајцата во својот манастир се покажа како вистинско светило. Први во подвигот, први во молитвата, во смирението и послушанието, први во љубовта. Од манастирот не излегуваа ниту се видоа еден со друг освен пред смртта. Настана луто гонење и тие обајцата беа изведени на суд. Кога Галактион го биеја, Епистима плачеше. Тогаш и нејзе ја избија. Потоа им ги отсекоа рацете, па нозете, а најпосле и главите. Нивните тела ги зеде Евтолиј и чесно ги закопа. Овој Евтолиј беше најнапред роб кај родителите на Епистима, а потоа монах заедно со Галактион. Тој и го напиша житието на овие прекрасни Христови маченици, кои пострадаа и примија небесни венци во 253 година.

## 7 Ноември
## Св. маченик Јерон со дружината



Роден е во градот Тијана кападокиска од добра и благочестива мајка, која беше слепа. Јерон со голема синовска љубов ѝ служеше и беше мошне ревносен христијанин. Од овие две причини не сакаше да оди во војска и ги натепа и ги испрати оние што беа пратени да го земат. Му беше жал да ја остави мајка му и му беше тешко да помисли дека како војник ќе биде принуден да им се поклонува на идолите. Најпосле заедно со уште некои христијани беше фатен и одведен пред кнезот во Мелитина. Кога беа на пат, една ноќ на Јерон му се јави некој во бела облека и му рече: „Еве, Јероне, ти јавувам за спасението: нема да војуваш за земниот цар, туку за Царот небесен наскоро ќе извршиш подвиг и кај Него ќе преминеш и од Него ќе примиш слава и чест“. Од таа вест неговото срце се исполни со неискажлива радост. Кога стигнаа во Мелитина сите ги фрлија во затвор. Овде Јерон со голема ревност ги утврдуваше во верата затворените, молејќи се никој од нив да не отпадне, но сите да ги предадат драговолно своите тела на маки и смрт за Христа. Пред кнезот сите едногласно ја изјавија својата вера во Господ Христос, само еден роднина на Јерон, по име Виктор, отпадна од верата. На Јерон му ја отсекоа раката, па го биеја и го мачеа со разни маки, и најпосле заедно со останатите го убија. Одејќи на губилиште, тие 33 маченици го пееја псалмот: *Блажени се непорочните кои одат по патот на законот Господов*. Еве им ги имињата: Исихиј, Никандар, Атанасиј, Мамант, Варахиј, Калиник, Теоген, Никон, Лонгин, Теодор, Валериј, Ксант, Теодул, Калимах, Евгениј, Теодох, Острихиј, Епифаниј, Максимијан, Дулкитиј, Клавдијан, Теофил, Гигантиј, Доротеј, Теодор, Кастрихиј, Аникит, Темелиј, Евтихиј, Иларион, Лиодот и Амонит. Некој Хрисант ја откупи отсечената глава на Св. Јерон и чесно ја погреба, а подоцна над неа подигна црква во името на Светителот. Отсечената рака на маченикот ѝ ја однесоа на неговата слепа мајка. Свети Јерон со дружината пострада во 298 година.

датумите на празниците се предадени во стар стил